Акционерско друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД - M-NAV SHA
Shoqëria aksionare në pronësi shtetërore për kryerjen e veprimtarisë së dhënies së shërbimeve në navigacionin Ajror
0202-1433/1
22-10-2024 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Акционерско друштво во државна сопственост
за вршење на дејноста давање услуги во
воздухопловната навигација

Shoqëri aksionare në pronësi shtetërore për kryerjen e
veprimtarisë dhënie të shërbimeve të navigacionit ajror

M-

**До:**
**Македонска берза на хартии од вредност АД**
**Ул. „Орце Николов“ 75**
**1000 Скопје**

**Предмет: Известување по член 166-б од Законот за хартии од вредност**

**Почитувани,**

Во согласност со член 166-б став (1) алинеја 4 од Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 95/2005; 25/2007; 7/2008; 57/2010; 135/2011; 13/2013; 188/2013; 43/2014; 15/2015; 154/2015; 192/2015; 23/2016 и 83/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 31/2020, 288/2021 и 53/2024) за објава на податоците за промени во органите на управување и раководење, Ве известуваме дека со одлуки за разрешување и избор на Претседател на Надзорен одбор на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје (во натамошниот текст: „М-НАВ“ А.Д.- Скопје), Одлуки за разрешување на членови на Управниот одбор на „М-НАВ“ А.Д.- Скопје и Одлуки за избор на претседател и членови на Управниот одбор на „М-НАВ“ А.Д.- Скопје и тоа: Одлука бр. 0203-05/73 од 17.10.2024 година, Одлука бр. 0203-05/74 од 17.10.2024 година, Одлука бр. 0203-05/75 од 17.10.2024 година, Одлука бр. 0203-05/76 од 17.10.2024 година, Одлука бр. 0203-05/77 од 17.10.2024 година, Одлука бр. 0203-05/78 од 17.10.2024 година, Одлука бр. 0203-05/79 од 17.10.2024 година, Одлука бр. 0203-05/80 од 17.10.2024 година и Одлука бр. 0203-05/81 од 17.10.2024 година, истите донесени од страна на Надзорниот одбор на „М-НАВ“ А.Д.- Скопје извршена е промена во составот на Надзорниот и Управниот одбор на Друштвото.

Од претседател на Надзорниот одбор на „М-НАВ“ А.Д.- Скопје е разрешен Кристијан Михајловски и за претседател на Надзорниот одбор е избран Горан Јандреоски.

Хекуран Асани е разрешен од член на Управниот одбор на „М-НАВ“ А.Д.- Скопје, кој воедно беше и Извршен директор за воздухопловна навигација во „М-НАВ“ А.Д.- Скопје, Милан Кораќ е разрешен од член на Управниот одбор на„М-НАВ“ А.Д.- Скопје , кој воедно беше и Извршен директор за воздухопловна техника во „М-НАВ“ А.Д.- Скопје и Претседател на Управниот одбор, Хасим Деари е разрешен од член на Управниот одбор на „М-НАВ“ А.Д.- Скопје, кој

“Босфор“ Бр. 7, Мралино, Илинден
Република Северна Македонија
Тел: +389 2 3148100 Факс: +389 2 3148239
E-mail: info@mnavigation.mk

“Bosfor” Nr. 7,Mralino, Ilinden
Republika e Maqedonisë së Veriut
Tel: +389 2 3148100 Fax: +389 2 3148239
E-mail: info@mnavigation.mk

воедно беше и Извршен директор за финансиски работи, правни работи, развој и инвестиции во „М-НАВ“ А.Д.- Скопје.

Владимир Ристески е избран за член на Управниот одбор на „М-НАВ“ А.Д.- Скопје и носи назив Извршен директор за воздухопловна навигација, воедно именуваниот е избран и за претседател на Управниот одбор, Климент Чепуњоски е избран за член на Управен одбор на „М-НАВ“ А.Д.- Скопје и носи назив Извршен директор за воздухопловна техника и Буран Алити е избран за член на Управен одбор на „М-НАВ“ А.Д.- Скопје и носи назив Извршен директор за финансиски работи, правни работи, развој и инвестиции.

Согласно извршениот упис на промена во Централниот Регистар на Република Северна Македонија, Надзорниот одбор и Управниот одбор на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје се во состав од следните членови:

- **НАДЗОРЕН ОДБОР**

- Горан Јандреоски, Претседател на Надзорен одбор;
- Милорад Милановиќ, Член на Надзорен одбор;
- Кристијан Михајлоски, Член на Надзорен одбор;

- **УПРАВЕН ОДБОР**

- Владимир Ристески, Претседател на Управен одбор;
- Климент Чепуњоски, Член на Управен одбор; и
- Буран Алити, Член на Управен одбор.

Ве молиме за објава на ова известување на веб страната на Македонска берза.

Со почит,

Скопје, 22.10.2024 година

**за „М-НАВ“ А.Д. - Скопје**
**Овластени лица**

**Владимир Ристески, претседател**

**Климент Чепуњоски, член**

**Буран Алити, член**